Архивски број: 08-130/10
31-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-130/1 од 30.01.2023 година, поднесена од [redacted] од Струмица против Општина Струмица за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 19.04.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето [redacted] од Струмица врз основ на политичко уверување во областа на работа и работни односи од страна на Општина Струмица.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 30.01.2023 година лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted], преку адвокат [redacted] од Струмица поднесе Претставка бр. 08-130/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).

Во претставката се наведува дека вработената во Општина Струмица, [redacted] на работно место со звање самостоен референт за архивско работење, од 2016 година во повеќе наврати се обраќала до раководството на општината, со цел соодветно да и биде вреднуван повисокиот степен на образование. Таа била вработена во општината од 2005 година, првично како виш референт и од 2009 година како самостоен референт, а во меѓувреме во 2016 година завршила високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип каде се стекнала со звање Дипломиран професор по одделенска настава. Вработената поднела Барање за кариерно унапредување бр. 04-1339/ на 21.02.2022 година до градоначалникот и до секретарот на општината, во кое истакнува дека се стекнала со поголем степен на образование и дека го поднесува барањето со цел да добие информација за можноста да напредува како административен службеник. Таа се повикува на член 48 од Законот за административни службеници, согласно кој има право да се стекне со повисоко работно место, посочувајќи ги и членовите 8, 9 и 10 од истиот закон, а во однос на интерните огласи како постапка за преминување од пониски до повисоки работни места. Оттука, таа побарала одговор дали во нејзиниот случај ќе биде распишан интерен оглас со цел остварување на нејзините со закон утврдени права од работен однос. Таквото барање таа го дополнила со Дополнување на барање бр. 04-1339/2 на 30.05.2022 година, со кое во прилог и доставила Уверение број 1005-25/67 од 28.09.2016 година на УГД Штип. Во дополнувањето таа навела дека го дополнува и појаснува барањето и дека „се повикува на член 8, 9, а во врска со член 86, 87 од Законот за

Административни службеници согласно кои Работодавецот покрај основната компонента на плата како исклучива компонента при пресметката на платата треба да го земе степенот на образование а согласно оваа Нова методологија за пресметка на плата". Понатаму, во претставката се наведува и дека на изненадување на вработената било добиеното сознание дека во месец јануари 2023 година друг вработен нејзин колега, [redacted] кој дипломирал на Педагошкиот факултет во 2021 година и кој бил на исто ниво на работно место со вработената, цитирано од претставката: „добил решение за распоредување што всушност значи унапредување од страна на Градоначалникот на Општината, ПО НЕГОВО БАРАЊЕ а сето тоа врз основа на член 9 од Законот за Административни службеници иако вработената [redacted] е дипломирана пред влегување во сила на Законот за административни службеници односно од 01.06.2020 година а тој е дипломиран по влегување во сила на овој Закон а примената на член 9 е во врска со член 8 од истиот Закон каде јасно стои дека повеќе од јасно е дека овие одредби се однесуваат за помошно-стручните административните службеници кои до ВЛЕГУВАЊЕ НА СИЛА НА ЗАКОНОТ (01.06.2020 ГОДИНА) се стекнале со стручни квалификации за повисоко ниво на работно место а не и за новоунапредениот колега [redacted]. Следствено, се наведува дека барањата на вработената не биле прифаќани и ниту се давало одговор на истите, иако и за неа бил во сила Законот за административните службеници, додека за именуваниот вработен колега под превезот на распоредување се направило унапредување на работник, без да се земе во предвид дека истиот не дипломирал до влегување во сила на законот. Оттука, во претставката се истакнува „дека Законодавецот предвидел интерни огласи со цел преминување од пониски до повисоки работни места а сето тоа во врека со член 48 ст.1-5 од Законот за административни службеници а каде се дадени поодблиску условите кои треба кандидатот да ги исполни за да биде унапреден од едно пониско на повисоко ниво на работно место а вклучително и вреднување на степенот на образованието во методологијата на пресметката на платата и придонесите од плата". Според подносителот, со тоа што по барање на вработениот, истиот под превезот на распоредување се унапредил на работно место кое подолго стоело упразнето и со тоа му се признало правото на образование, а во случајот на вработената [redacted] не се зело во предвид дека таа дипломирала пред влегување во сила на Законот за административни службеници, односно од 01.06.2020 година и дека поднела барање да и се вреднува соодветниот степен на образование во основната компонента на плата - дел на плата за степен на образование.

Во претставката не е директно јасно наведен дискриминаторскиот основ, туку на крајот се наведува, цитирано: „Во случајот сметаме дека се работи за директна и индиректна дискриминација и јасен деградирачки однос на работодавецот спрема вработената [redacted] која не е член на владејачкиот естаблишмент кој е на власт во Општината, на која воопшто по ниту едно писмено барање за унапредување и вреднување на Дипломата за завршено Високо образование работодавецот не нашол за потребно да одговори на ниту едно барање а посебно и за барањето за вреднување соодветниот степен на образование во основната компонента на плата -дел на плата за степен на образование која обврска е са Законот задолжителна за работодавецот а која

од нивна страна упорно се игнорира а сето тоа на штета на вработената а споредено со вработениот [redacted] кој претпоставуваме дека е член на владејачката гарнитура се чувало упразнето работно место се до неговото дипломирање а се со цел тој да се унапреди и да ги ужива сите права од работниот однос а не и вработената [redacted] која е дискриминирана во тој поглед неовозможувајки и ја примената на член 8 од Законот за административни службеници“.

Таквите наоди подносителот ги поткрепил доставувајќи во прилог во копии: Решение за плата на административен службеник бр. 05-5638/1 од 15.07.2022 година, Барање за кариерно унапредување бр. 04-7615/1 од 01.12.2016 година, Барање за кариерно унапредување бр. 09-1064/1 од 11.02.2019 година, Барање за кариерно унапредување бр. 04-1339/ на 21.02.2022 година и Дополнување на барање бр. 04-1339/2 на 30.05.2022 година.

По доставувањето на претставката од подносителот до општина Струмица со Барање на Комисијата бр. 08-130/2 од 07.02.2023 година, општина Струмица, односно градоначалникот на општината Костадин Костадинов, достави Одговор бр. 03-1126/2 од 20.02.2023 година.

Во одговорот градоначалникот истакнува дека вработената до него како градоначалник има доставено Барање за кариерно унапредување бр.04-1339 од 21.02.2022_година, каде е наведено дека со интерен оглас истата сака да биде унапредена, повикувајќи се на членот 48 од Законот за административни службеници со наслов интерно унапредување. Следствено на тоа, се истакнува дека во текот на 2022 година немало распишано интерни огласи за унапредување во општинската администрација на општина Струмица, а дека доколку имало вработената доколку ги исполнувала условите можела да се пријави на нив. Во однос на тврдењата во претставката за сторена дискриминација со тоа што на вработената не и се вреднувал степенот на образование во основната компонента на платата, во одговорот се наведува дека законот кој се однесува на тоа е во сила од 20.01.2020 година и дека тие како институција го немале пропуштено рокот за обезбедување на средствата за таа намена согласно законскиот рок. Понатаму, во одговорот се истакнува дека тврдењата дека работното место се чувало до денот на дипломирањето на вработениот [redacted], не се воопшто точни бидејќи истиот има дипломирано на 11.06.2021 годнна, а решението за распоредување е со важност од 10.01.2023 година. Во однос на барањата на вработената [redacted] се наведува дека таа во ниеден момент не се повикува на член 9 од предметниот закон кој дава можност истата да биде распоредена согласно соодветното образование, ниту пак доставила докази дека ги исполнува посебните услови. Следствено на наведеното, на крајот истакнуваат дека вработената прво бара да биде унапредена со интерен оглас и приговара за истото, иако немало објавено интерни огласи во годината кога било поднесено барањето, а која доколку имало огласи и истата ги исполнувала условите можела да поднесе пријава и второ дека вработената приговарала дека не и се вреднува степенот на образование за што законските рокови за обезбедување парични средства сеуште траат.

Дополнително по барање на Комисијата, од општината се доставени податоци, односно Решение за распоредување на работно место за вработениот Игор Милев бр. 04-122/1 од 09.01.2023 година, Решение за утврдување на плата за вработениот [redacted] бр. 05-122/2 од 09.01.2023 година, Решение за распоредување на работно место за вработената [redacted] бр. 04-6055/1 од 17.07.2018 година и Решение за утврдување на плата на вработената [redacted] бр. 05-5638/1 од 15.07.2022 година.

Комисијата на 09.05.2023 година изврши и увид во општина Струмица и оствари разговор со градоначалникот на општина Струмица, Костадин Костадинов и секретарот на општина Струмица, [redacted]. Од нив е побарано да ги појаснат изнесените факти во претставката и нивното изјаснување, по што тие истакнаа дека општината е спремна да излезе во пресрет на остварување на правата од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, во однос на степенот на образование, за сите вработени во секој момент кога за тоа ќе се создадат услови. Тие потенцираа дека во конкретниот случај подносителката на претставката [redacted], во нејзиното обраќање до општината барала унапредување по пат на интерен оглас, односно пред се вреднување на степенот на образованието, за што уште еднаш истакнаа дека се спремни да направат напори во најкраток рок да овозможат нејзиното повисоко образование да и биде соодветно вреднувано со бодови во платата.

На 15.06.2023 година до Комисијата од страна на подносителката Виолета Пертемова преку адвокатот [redacted] е доставено Решение за утврдување на плата на административен службеник [redacted] бр. 09-4956/1 од 07.06.2023 година во кое во основната компонента на платата соодветно се пресметани бодови за високо образование.

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на општина Струмица, заедно со прилозите кон истите, утврди дека врз подносителката не е сторена директна дискриминација од страна на општина Струмица, односно градоначалникот Костадин Костадинов врз основ на политичко уверување.

Во утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата се осврна на два елементи. Прво, Комисијата утврдуваше постоење на определени дејствија, во смисла на сторување или несторување, со кои подносителката била ставен во понеповолна положба во однос на останати вработени во споредлива ситуација. Второ, се осврна на тоа доколку постојат такви дејствија, дали се причински поврзани со истакнатиот дискриминаторски основ, односно е поврзано со одредено политичко уверување.

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа,

потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.
Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.
Комплементарно, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" бр. 14/2020), *помошно-стручните административни службеници кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се стекнале со стручни квалификации за повисоко ниво на работно место, може до секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар од 1 септември 2020 година да поднесат барање за обезбедување вреднување на соодветниот степен на образование во основната компонента на плата - дел на плата за степен на образование.* Додека, *секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар најдоцна четири години од денот на влегувањето во сила на овој закон е должен да ги обезбеди средствата за вреднување на соодветниот степен на образование во основната компонента на плата - дел на плата за степен на образование за административните службеници од ставот (1) на овој член.*
Членот 9 од истиот Закон за изменување и дополнување уредува дека *административниот службеник кој е на работно место од категоријата на помошно - стручни административни службеници, а кој ги исполнува посебните услови од членот 25 став (2) од овој закон, на негово барање може да се распореди на работно место помлад соработник доколку тоа работно место е утврдено во актот за систематизација на работните места и не е пополнето.*

Оттука, за да постои директна дискриминација, пред се треба да има определено дејствие од страна на општината во вид на сторување или несторување со кое таа би била ставена во понеповолна положба од друго лице во иста или слична споредлива фактичка ситуација и тоа врз дискриминаторски основ, како што е политичкото уверување, на кое како можен основ имплицира подносителката во претставката.

За Комисијата релевантен факт е тоа дека барањето на вработената [redacted] поднесено до општина Струмица, иако содржински не толку јасно срочено, се однесува на тоа да и биде признаено стекнатото високо образование во согласност

со членот 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници. Истото за да биде појасно е дополнето на 31.05.2022 година. Додека именуваниот вработен [redacted] како посочен во претставката, поднел барање за распоредување во согласност со член 9 од наведениот Закон, а според кој независно од член 8, работодавачот на негово барање доколку има услови за тоа, може да го распореди на работно место во групата В стручни административни службеници, односно како помлад соработник доколку ги исполнува условите согласно членот 25 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022). Следствено на тоа, во конкретниот случај станува збор за две различни барања, односно две различни ситуации.

Дополнително на наведеното е и тоа што за реализација на барањата за вреднување на степенот на образование од членот 8 од наведениот Закон е предвиден законски рок од четири години, односно работодавачот треба да ги обезбеди финансиските средства за таа намена најдоцна до 20.01.2024 година, па следствено на тоа постапувањето по барањето на вработената [redacted] е во рамки на предвидениот законски рок и не може да се смета дека општината постапила спротивно на законот, односно со своето однесување постапила на начин кој може да се смета за дискриминација.

Комплементарно на наведеното, не може да се смета дека е направена дискриминација во смисла на членот 6, односно директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

1. [redacted]
2. *Општина Струмица, ул. „Сандо Масев“ бр.1, Струмица*
3. *Архива на Комисијата*